**Денес е ден за празнување,**
**Ден на радост во име на општината, го славиме 8 Октомври-празникот на градот, 79-от роденден на нашата убава , родна, Крива Паланка.**
**Гордо прославуваме и одбележуваме 79 години слободна Крива Паланка - во име на претците вградени во историјата кои ја испишаа денешната слобода, во име на сите наши претходници кои ја граделе низ децениите нашата убава општина.**

**Велат храброста на еден народ лежи во неговата подготвеност да направи сѐ за подобро утре на неговата татковина, а тоа значи искрено и безрезервно да се сака во неа да се види остварувањето на идеалот на човештвото.**

**Да се работи беспоштедно, посветено и колку што е можно да се промовира тоа - за генерациите што доаѓаат, младите да имаат со што да се поистоветуваат, да се мотивараат , гордеат и да продолжат да работат и вложуваат.**
**Токму затоа, денес кога празнуваме и славиме, кога го одбележуваме** Денот на градот - правиме осврт и на тоа што го создаваме со љубов кон родниот град, она што од срце, неуморно, како влог во иднината го правиме во сите 365 денови од годината.
Работата во служба на граѓаните е задоволство, а уште поголемо задоволство е да се види оствареното- низ факти и бројки што говорат многу повеќе, заедно со задоволството на граѓаните.
Велам , низ факти- не со зборови. А пред фактите и боговите молчат.
Годинава што изминува, 2023, како и целиот период на изминати 20 месеци – градот се развива со силно темпо благодарение на нашата максимална посветеност кон реализација на бројни проекти за:
- подобри услови во патната инфраструктура, поврзување и урбанизација, подобри социјални услуги,
вложувања во спортот, младите, во култура, туризмот, во сите внимателно креирани проекти, спроведени на терен.
Сите овие проекти од една страна - решаваат долгогодишни, често - децениски проблеми на граѓаните, носејќи директен бенефит за засегнатите жители на општината.
Од друга страна, проектите ја менуваат сликата на градот, го градат ликот на нова, урбана, модерна, Европска Крива Паланка.
**И токму така – со проекти и дела, ја покажуваме и докажуваме љубовта кон татковината и општината, со вложувањата во нашата Крива Паланка:**

- Со инвестирани над **3.5 милиони евра** во изминатите 20 месеци за изградба и рехабилитација на локална и регионална патна мрежа, уредување на пешачко рекративни патеки,изградба на тротоари .
  Од нив, **2 милиони евра се инвестирани во 2022 година**, додека до овој момент во 2023 завршени се проекти со вредност од **1 милион евра, а** во фаза на реализација се проекти со вредност од **500 илјади евра** што ќе бидат финализирани многу скоро.
- **Инвестираме уште 2 милиони евра** во следните месеци во истата област, за улици и патишта во проекти за кои веќе се одобрени средства и се потпишани договори.

**ВКУПНИТЕ ВЛОЖУВАЊА ВО ПАТНАТА ИНФРАСТУРКТУРА ЗА САМО ДВЕ ГОДИНИ изнесуваат ИМПОЗАНТНИ 5.5 МИЛИОНИ ЕВРА.**

- Инвестираме 1.2 милиони денари за нови водоводи,канализации, уредување на речното корито:
  - во 2022 година вложивме **350 илјади** евра, додека **2023 ГОДИНА ЈА ЗАВРШУВАМЕ СО ИНВИСТИЦИИ ВО ВИСИНА ОД 900 ИЛЈАДИ ЕВРА инвестиции во оваа област.**

- За само 20 месеци инвистиравме близу **1 МИЛИОН ЕВРА** во реконструкција и обнова на постоечки објекти како локални,така и централни.
- **500 ИЛЈАДИ ЕВРА** инвестиравме во изградба на нова спортска инфраструктура

- За уште многу детски насмевки вложивме и во изградба на нова **ДЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА – 8 милиони денари**
- За доопремување на јавните претпријатиа и ТППЕ – **ВРЕДНОСТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ Е 300 ИЛЈАДИ ЕВРА**
- Инвистиравме **импозантна** сума **-350 илјади евра** за обезбедување на проектно-техничка документација, како никогаш досега,
- За прв пат воведовме повеќе од 10 различни мерки за директна финансиска поддршка и субвенции на млади и повеќе категории граѓани
- **За неполни 2 години** уредени се и подигнати нови, рекордни - **16.000 квадратни метри** зелени површини
- засадени се дрвореди со повеќе од 2.000 различни видови дрвја.
- со секојдневна активна и посветена работа изминатата година постигната е 100 отсто реализација на програмите за јавно зеленило и јавна чистота.

**КРИВА ПАЛАНКА РАСТЕ И СЕ РАЗВИВА КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА.**
**Се гради во и околу Крива Паланка .**
**Т**оа е наша обврска, наша должност во службата за граѓаните.
Тоа е нашиот одраз во огледалото на иднината - да се гледа работата, буквално во секој дел на нашиот преубав град под Осоговието, градот на две реки, на два светитела и град со богата традиција, култура и природа што нуди можности за развој.

**ВЛОЖУВАМЕ И ГРАДИМЕ ПОСТОЈАНО**
**– само од почетокот на 2023 година инвестирани се 61.5 милиони денари или 1 милион евра за локална и регионална патна мрежа во:**

- ✓ Конопница, маала Чивлк,
- ✓ Кркља, асфалтиран патот по 40 години
- ✓ асфалтирани улици во повеќе делови од градот,
- ✓ уреден влезот на градскиот пазар,
- ✓ рехабилитирана ул.Св.Јоаким Осоговски - од Осички мост до Мотел Македонија ,
- ✓ уредени нови тротоари по главната улица.......

**Покрај овие инвестиции, тековно се работи и асфалтирање на 6 улици во нас.Илинден и уште 3 градски улици- проекти вредни вкупно 33 милиони денари.**
**Од денес започнува и проектот за изградба на пат во Дурачка Река- инвестиција од 28.000.000 денари.**

Сведочиме на нов, урбан лик на повеќе населби во
Се асфлатира по долги години,
се врши замена на водоводна мрежа,
се решаваат проблеми со атмосферски води,
се решаваат горливи проблеми на граѓаните.
**ОНА ШТО СЛЕДУВА ВО ПЕРИОДОТ ПРЕД НАС СЕ ПРОЕКТИТЕ ЗА НОВИ ВЛОЖУВАЊА – нови 72 милиони денари за ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА, И ТОА:**
**- 24 милиони денари** за патот во Дурачка Река,
-**15 милиони денари** за рехабилитација на регионален пат Огут- Нерав
**-12 милиони денари** за асфалтирање на локален пат во Мождивњак,
-**16 милиони денари** за нови 2 км. асфалт на патот село Бс-Кошари,
- **и 5.2 милиони** денари за ул.Гоце Делчев во Дреначка маала.
**И НЕ ЗАПИРАМЕ-инвестираме во проектирање нови капитални проекти. Општината вложува близу 350 илјади евра за п**роектирање патни правци во селата:
Подржиконь, Трново, Добровница, Длабочица
- улиците : Моша Пијаде, Ратко Минев, Никола Тесла, Трновска маала, Ѓорче Петров ....
Со средства од УНДП исто така проектираме нови улици и патни правци:
**--пат во Крстата падина и патно поврзување на село Градец-Осиче.**
**Инвестираме и во проектирање на водоводи и канализација:**

-Со средства од МЖС - **5 милиони денари** ќе обезбедиме техничко-проектна документација за колекторски систем на Крива Река со пречистителна станица.
-Со средстав од Буџетот на општината се проектирааат:

- ✓ На 9 километри водоводна линија Вирови-Грамаѓе
- ✓ 10 километри водоводна линија Острец-Мождивњак
- ✓ нова водоводна линија Калин Камен
- ✓ канализациона мрежа на ул.8 Октомври и нас.Трнци

**За сите овие капитални проекти и долгогодишни проблеми на граѓаните инвестираме 970.000 евра**, токму тие проекти на претходните седници на Советот на Општина Крива Паланка беа изгласани како приоритети.
**<u>Дополнително оваа година ИНВЕСТИРАМЕ НОВИ 51 милиони денари за:</u>**
-атмосферска и фекална канализација во нас.Метролошка,
-регулација на Домачки Дол, и изместување на електро-дистибутивната мрежа. Со ова се решава горлив проблем на жителите од овој дел на градот.
Двата проекта веќе се спроведуваат на терен.
Преку МЗШВ и ЕУ во 2022 вложивме **24 милиони денари** за систем за наводнување земјоделско земјиште во Конопница,
а деновиве почнува проектот вреден **15 милиони денари** за инсталирање систем за регулација на притисокот на вода за пиење што значи-решавање на проблемот со загуби на вода за пиење.
Во фаза на одобрување е проектот за изградба на последната фаза за регулација на минор-коритото на Крива Река, вреден **16 милиони денари**
**ОНА ШТО МЕ ПРАВИ ОСОБЕНО ГОРД Е ШТО НАШИТЕ ДЕЛА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВЕТЕНОТО СЕ НЕШТО ШТО ПРЕРАСНА ВО СТИЛ НА РАБОТА НА ОВАА ЛОКАЛНА ВЛАСТ И СМЕ ПРИМЕР ДЕКА НАЈВАЖНА Е ПОСВЕТЕНОСТА КОН ЗАЦРТАНИТЕ ЦЕЛИ, ЗА РЕШАВАЊЕ НА КРУЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ НА СИТЕ ГРАЃАНИ.**
Ветив дека моја заложба е да создадеме подобри услови за младите, за дечињата, па така-од ниту едно детско урбано катче во Крива Паланка во 2021 година- до денес изградени се и уредени десет такви, а во фаза на проектирање се уште 6.
**САМО ЗА ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО 2023 ГОДИНА ИНВЕСТИРАНИ СЕ <u>4.8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ</u>, а изминатите ДВЕ ГОДИНИ – вложивме БЛИЗУ 8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.**
**<u>Наскоро, детски катчиња ќе добијат:</u>** Осичка маала, Белево, Домачки Дол, Конопница, на спортскиот терен кај ресторан Облаче, спортскиот комплекс...
**<u>Инвестираме во мерки за поддршка на млади</u>, субвенции за** набавка на велосипеди, за купување компјутери, поддршка со еднократна парична помош на првоодделенците, на новороденчиња, матуранти, е бесплатни термини за млади за користење спортски објекти.....
**ГОЛЕМА ПОДДРШКА ДАВАМЕ НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ - ЗА ПРВПАТ ВОВЕДОВМЕ ДИРЕКТНО ФИНАНСИРАЊЕ на спортот ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ = 2.6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.**
Формиравме општински клуб во мал фудбал што минатата сезона напредуваше одлично од втората во првата Македонска футсал лига.
**ИНВЕСТИРАВМЕ СУМА ОД 31 МИЛИОН ДЕНАРИ ВО НОВА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА:**

- ✓ За првпат е изграден и уреден спортски терен во дворот на училиштето Илинден во село Конопница,
- ✓ поставена е нова фитнес зона на отворено кај спортскиот комплекс**,**
- ✓ уреден е нов спортски терен во дворот на ООУ св. Јоаким Крчовски.

**Потпишани се договори и во фаза на реализација се уште три крупни проекти со вкупна вредност од 18 МИЛИОНИ ДЕНАРИ за:**

- ✓ изградба на памп-трака за велосипеди на спортскиот комплекс
- ✓ изградба на мултифункционално игралиште во Мождивњак
- ✓ уредување на спортскиот терен во Партизан и нова енергетски-ефикасна фасада на целиот објект.

**ГРИЖАТА ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ Е НАШ ПРИОРИТЕТ со ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Горд сум што Крива Паланка пред 1 месец доби **Прв Дневен центар за престој на возрасни лица со активно стареење,** вреден **5.7 милиони денари**

-Нега центар при Црвен крст доби **нови 11 милиони** денари за грижа за стари лица во домашни услови.

И Еден од проектите во оваа област-што беше и мое преидзборно ветување , нешто што долги години се најавуваше , а на мое огромно задоволство, наскоро ќе ја започне својата реализација и потпишување на Договорот... проектот за кој е изготвена техничка документација и истиот е во програмата на МТСП, **а тоа е Дом за стари лица во Крива Паланка.**

Со тоа, покажуваме јасно дека се грижиме за сите категории граѓани, што го потврдуваат и воведените субвенции за ранливи категории.

**Изминатата и оваа, тековна, година вложивме и во опремување на јавните претпријатија - и локални и државни, во:**

- **доопремување на капацитетите на** ЈП Комуналец - **<u>16 милиони денари,</u>**
- нова опрема и униформи за пожарникарите - **2 милиони денари**.
- по 60 години со **11 милиони денари** реконструиран објектот на ЈП Македонија пат, со нов хангар
- нова опрема - нови **1.8 милиони денари** – за централната кујна на градинката Детелинка**,**
- кујната е реновирана содонација од Јапонска амбасада, 3.8 милиони денари а во **2022 година** со **26 милиони денари** – изгрден и надграден е објектот на Детелинка ан ул.Илинденска.

**ИНВЕСТИРАВМЕ ВО НАБАВКА НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ПАРКОТ И ПЛОШТАДОТ И ПЛАТФОРМА ЗА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ НА ЛЕТНАТА СЦЕНА.**

Културата и културните настани, фестивали и манифестации во Крива Паланка ја сместија општината високо на мапата атрактивни градови за посета за време на одржување на истите. Крива Паланка се вброи во една од општините со најголем број културни настани во државата. Годинава вложувањата во културата од општинскиот буџет бележат рекордна сума - издвоивме **7.5 милиони денари** за реализација на културната програма.

Тука го издвојам неповторливиот настан, јубилејниот 10-ти фестивал, Џојфест, што го одбележа летото - бевме домаќини на една од најголемите балкански музички легенди, Чолиќ и на над 30 илјади посетители во една вечер.

Во текот на целата година редовно ја одржуваме на високо ниво културната понуда со традициионалните културни манифестации и фестивали и со новосоздадени, меѓу нив- з апрвпат одржаниот Фестивал на храна 2023 година.

**<u>Паралелно- работиме и на проекти за унапредување на културните установи.</u>**

- ✓ Овој објектот на НУ Центар за култура лани доби реновирана кино сала, рпоект вреден **4.5 милиони денари, а** годинава Министерство за култура одобри нови **1 милион денари** за проектна документација за реконструкција на целиот објект.

**ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ОПРЕМА И ВЛОЖУВАЊАТА ВО ЈАВНА ЧИСТОТА, ПОДИГНУВАЊЕТО НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, НАД 16.000 М2 ЗА НЕПОЛНИ ДВЕ ГОДИНИ ЈА ПРАВАТ ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО ЧИСТОТАТА И ЗЕЛЕНИЛОТО.**

Високиот проецент, дури од 100% реализација, на програмите за јавна чистота и јавно зеленило, хортикултурното уредување се нешто што ја менува комплетната слика на модерна и урбана Општина, и посебно задоволство ми е кога го слушам добриот глас за нас како чиста и уредена, една од најубавите во државата – општини. Тоа носи задоволство и кај жителите, кои се чувствуваат горди на својот град.

**<u>Продолжуваме во ист манир:</u>**

- веќе е аплициран во ИПА програмата проект за уредување зеленило кај комплексот згради кај нас.Единство и
- проект за уредување на парк кај зградите во нас.Бавчалк, преку Бугарска амбасада.

**ВО ПРЕТСТОЈНИТЕ МЕСЕЦИ СЛЕДУВА СИГУРНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ СО ВЕЌЕ ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ, ТРИТЕ ПРОЕКТИ ВРЕДНИ НАД 25 МИЛИОНИ ДЕНАРИ:**

- Реконструкција на Градечки и Соларски мост
- поставување фотоволтаици на 5 јавни институции и
- Партерно уредување на училиштето во туристичко-историски локалитет Градец.
- Изградба на пум трака за велосипеди на стадионот.

Нова урбана слика на градот ќе донесе проектот за реконструкција на обиколницата, вреден **80 милиони денари**. Проектот е вметнат во Годишната инвестициска програма на ЈПДП, а проектирањето е целосно завршено.
Преку ИПА програмата ЕУ за подршка на туризмот Аплициран е проект за изградба на адреналински парк на Калин Камен, **вреден 300 илјади евра**. Тоа значи развој на адреналински, алтернативен туризам во овој наш крај, богат со прекрасна природна убавина и потенцијали.

**ПОЧИТУВАНИ,**
**БРОЈНИТЕ ПРОЕКТИ ЗА КОИ ГОВОРАМ СЕ РЕЗУЛТАТ НА ИСКРЕНИТЕ ЗАЛОЖБИ, МОИ И НА ЦЕЛОКУПНАТА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ДА ПРИДОНЕСЕМЕ КОН УШТЕ ПОГОЛЕМ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ.**
**ДА МОЖЕМЕ ВО ДЕНОВИТЕ КАКО ДЕНЕС, КОГА ПРАЗНУВАМЕ - ЗАЕДНО ДА ИМ СЕ РАДУВАМЕ НА НОВИНИТЕ И УБАВИНИТЕ, ЗАШТО СИТЕ ТИЕ СЕ ВЛОГ ВО ИДНИНАТА, ЗА ПОДОБРО УТРЕ, ПОУБАВА И ПОДОБРА ОПШТИНА ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.**

Како секогаш и секаде, патот кон подобро утре не е ни малку лесен, па и ние, во работењето секојдневно наидуваме на предизвици, препреки што тековно ги решаваме.
Реалните предизвици кои некогаш се надвор од наша моќ, природните непогоди, умеат да предизвикаат последици кои носат штети и по материјалните добра, ситуација со која, за жал и Општина Крива Паланка годинава и тоа како беше засегната, како и уште неколку други општини во државата.
Поројните дождови и излевањето на Крива Река во месец јуни, предизвикаа сериозни последици на повеќе локации во општината, но, благодарение на брзата интервенција на сите надлежни служби,
благодарение на помошта од сите институции, пред се од:

- Владата на РС Македонија;
- Армијата со инженерскиот вод;
- ЈП Македонија Пат, како и на сите локални и подрчани државни институции;
- ЈП Комуналец и останатите служби.

**Успеавме за неполни 24 часа да ја нормализираме состојбата, да ги вратиме ликот на кејот и централното градско подрачје. Поголемите свлечишта и штети на земјени и регионални патишта, етапно се санираа, но брзо и навреме беа оспособени за нормално функционирање.**
Тоа е нешто што ќе ја одбележи оваа 2023 година, а ќе остане запаметено по нашата **сплотеност, единственост и добродетелство** - бидејќи со заеднички напори смогнавме сили да ја надминеме тешката состојба, што верувајте, не беше ни малку лесна и бараше и ресурси, и експертиза, и навремена реакција.

**Уште еднаш им се заблагодарувам на сите кои беа тука заедно со нас и беа тука за нас.**
Моето денешно обраќање ќе го заокружам со она што во следниот период ќе го надгради и модернизира ова наше европско парче земја под Осоговската Планина, а тоа се:

- поголеми инвестиции за урбана хортикултура и зеленило,

- Отпочнатата инциијативата за носење на урбанистичко-планска документација за депонија за инертен отпад - ќе бидеме прва Општина во државата со ваков тип депонија.
- За истата таа локација се носи урбанистичко-планска докумнтација за изградба на стационар за бездомни кучиња.
- Иницијатива за носење на урбанистичка-планска документација за **викенд населба на туристички локалитет Калин Камен** исто така е отпочната,
- издадени се неколку одобренија за градење хотели,
- **со општинските служби започнавме крупен проецес на репроценка на имотот** што ќе значи сериозно зголемување на облогот на данок на имот .
- се посветивме на обезбедување сообраќјано-техничко решение за воведување зонско-паркирање. Изготвени и разработени се целосен сообраќаен проект за централната градска улица...правилници, за конечно ставање крај на сообраќајниот метеж во градот.

  Се е подготвено- само очекуваме широка, масовна, граѓанска поддршка и зелено светло од страна на жителите , за **сите заеднички да го надминеме овој горлив проблем наталожен низ годините.**

Во оваа пригода - ќе ги повикам граѓаните и сите политички чинители за поддршка.
Како општина и институции имаме капацитет- подготвени сме за реализација и имплементација на процесот- но, неопходна е позитивна клима и поддршка од целокупното население и истата , верувам, е неопходна, ЗА **ДА МОЖЕМЕ ЗАЕДНО, СПОЛОТЕНО, ВО ИСТА НАСОКА ДА ГИ ПРИДВИЖИМЕ КОН ПОЗИТИВНИ ПРОЕМНИ РАБОТИТЕ.**

**И тоа не е се!**
**КАПИТАЛНА ИНВЕСТИЦИЈА ОД КРУЦИЈАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАДОТ- е проектот што ќе го промени ликот на централното градско подрачје, ќе го реши проблемот со сообраќајниот метеж и ќе биде новиот урбан проект со кој сите ќе се гордееме.**
**Станува збор за проектот за Проширување и рехабилатија на централна градска улица од населба Единство до Соларски Мост, вреден 40 милиони денари - средства обезбедени од Светска банка и Министерство за транспорт и врски.**

**На мое огром но задоволство, денес го потпишуваме договорот за реализација на овој проект .**
И- заокружување на урбаната и нова слика на Крива Паланка, **Е НОСЕЊЕТО НА НОВИТО ГУП НА ГРАДОТ, ПО РЕЧИСИ ПОЛОВИНА ВЕК .**

ГУП-от, по кој досега работеше Општина Крива Паланка е стар речиси половина век – донесен е 1976 година и НОВИОТ Генерален урбанистички план, што денес го носиме,
значи дека конечно, со истиот ќе бидат отворени можностите за развој и нов дух на општината.
Нови проекции за градот во кој посакувам сите ние да бидеме горди и среќни –
отворајќи ново поглавје од урбаното и модерно живеење на оваа наша убава Општина Крива Паланка.
**ЗАШТО- ДЕНЕШНАТА КРИВА ПАЛАНКА Е РЕЗУЛТАТ НА НАША ЗАЕДНИЧКА РАБОТА.**
Плод на подршката што ја пружаат сите : советници, директори на локалните институции, општинската администрација, вработените во сите локални институции и вработените во ЈП Комуналец што секојдневно со својата работа и посветеност придонесуваат ликот на градот да биде ЧИСТ и убав .

Крива Паланка денес е резултат и на несебичната поддршка што ја имаме од централната власт.
Подрршката од сите вас – пријатели, соработници и довербата и поддршката што ни ја даваат сите граѓани.
Нашите заложби од срце и со срце за Крива Паланка се насочени од ден за ден во служба на

граѓаните.
Од час во час за градба на прогресивна, модерна и Европска Крива Паланка.
**СОЗДАВАЊЕТО ЗАЕДНИШТВО Е ПОЧЕТОК, ОДРЖУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИШТО И ЕДИНСТВО ПРЕТСТАВУВА ПРОГРЕС, А РАБОТЕЊЕТО ВО ЗАЕДНИШТВО Е УСПЕХ!**

**НО, УСПЕХОТ САМО ПО СЕБЕ НЕ Е НАЈГОЛЕМАТА СРЕЌА – СРЕЌА Е КОГА ТОА ШТО ГО РАБОТИТЕ, ГО РАБОТИТЕ СО ЉУБОВ.**
**РАБОТАМ И ЌЕ ПРОДОЛЖАМ ДА РАБОТАМ СО ЉУБОВ ЗА КРИВА ПАЛАНКА.**
И повикувам, да работиме заедно-сите- за истата цел, за ПОУБАВА ОПШТИНА ЗА ИДНИТЕ ПОКОЛЕНИЈА.
Затоа ќе порачам:
Капката вода е мала , но без неа- океанот е посиромашен.
Она што јас не можам да го сторам-можеш ти, или ти...можете вие, а заедно можеме да направиме нешто прекрасно за сите луѓе, за сите жители на нашата Крива Паланка.

Обединети во таа цел и мисла, обединети во верата и љубовт, од сите ситни капки - можеме да создадеме океан!
Нека е честит и вековит 8 Октомври! Секогаш во здравје и убава мисла да го прославуваме и на новите проекти заеднички да се радуваме!
Честит роденден граду мој, моја Крива Паланка.